MK

# esntrain

CONNECTING EUROPE

## Иннформатор





# ESN - За организацијата

Ерасмус студентската мрежа (ESN) е една од најголемите меѓународни студентски асоцијации во Европа за поддршка и развој на студентски размени, основана пред 20 години.

ESN е присутна во повеќе од 280 високо образовни институции во 33 земји. Мрежата постојано се развива и се шири се повеќе и повеќе.

ESN е насочена кон високото образование при што:
- нуди сервиси за 150,000 студенти
- има волонтерска основа
- има просечно проширување на истата за 12.3% годишно од 1990 година па наваму

ESN има за цел да креира мобилна и флексибилна образовна средина преку подржување и развивање на студентските размени и промовирање на интеркултурно искуство за студентите кои не биле на размена.

**Мисија**
Забрзување на студентското движење во високото образование преку промовирање на принципот - „студентите помагаат студенти“.

**Нашата визија**
ESN соработува со Европските институции и релевантни тела кои креираат стратегии и политики во амбициозен проект за креирање и забрзување на развојот на општество кое се потпира на знаење, почит, доверба и мир помеѓу индивидуалците, заедницата луѓето и земјите.
За таа цел, ESN се стреми кон свет во кој се повеќе и повеќе млади луѓе ќе имаат можности во својата родна земја или надвор од неа за свој личен развој и интернационално искуство здобиено од интернационални програми во високото образование.

**Нашите вредности се:**
- единство во различноста, различност во единството
- студенти им помагаат на студенти
- забава и почит
- интенационална димензија на животот
- љубов кон Европа како основа за мир и културна размена
- отвореност и толеранција

# ESNtrain - Проектот

**Во 2009 година:**
- ESN слави 20 години постоење
- Европа го слави своето обединување (1989 година - Падот на Берлинскиот ѕид, 1989 падот на Железната завеса)

=> Најдолгата европска кружна комуникациска платформа

**ESNtrain**
ESNtrain (ESN возот) има 16 вагони и ќе ја помине Европа во 25 дена – од 28 март до 21 април 2009 година, посетувајќи 40 града и 18 држави и поминувајќи во 90 места заштитени од УНЕСКО. Патувајќи претежно во ноќните часови, патниците ќе се будат секое утре во различен град каде локалните жители ќе им го покажат градот и ќе ги научат за неговата историја, култура и обичаите на локалното население. Различни активности, како на пример: работилници, панорамски прошетки, спортски активности, концерти или забави, ќе бидат организирани на секое застанување на возот. Паралелно на ова, во вечерните часови, ќе биде организирана и вечерна програма како што се: курсеви по танцување, игри, курсеви за странски јазици, презентации или работилници.

Возот има капацитет за 700 патници. Патниците ќе бидат одберени така што на околу 5000 студенти ќе им се даде шанса да се најдат на возот во определено време на патувањето. Илјадниците студенти повеќе од сигурно ќе привлечат и огромна медиумска заинтересираност на различните локални постојки на кои ќе се најдат.

**Возот како платформа за комуникација**
Возот е уникатна комуникациска платформа која овозможува неограничено време на комуникација меѓу патниците. Се што е на возот доаѓа од цела Европа и уште повеќе - ја нагласува идејата на проектот за уривање на границите. Благодарение на одличната логистика, успеавме да собереме различни уникатни вагони од цела Европа меѓу кои има некои кои имаат историска вредност. Возот е најголемата кружна подвижна комуникациска платформа.
Целта е патувањето, а не дестинацијата!

**За време на патувањето, учесниците ќе имаат шанса:**
- да ги посетат најубавите места во Европа
- да ги откријат културите во Европа на уникатен начин и да го запознаат локалното население
- да се сретнат со своите „стари“ пријатели низ Европа
- да поминат неколку дена во мултикултурна средина, а да ги паметат како цела година на размена
- да ги подобрат своите комуникациски вештини и познавањето на странски јазици
- едноставно – да се забавуваат

**Целите се:**
- да им се овозможи на што повеќе студенти да ги искусат погоре спомнатите авантури
- промовирање на заедничкиот живот на европските студенти во мешани културни средини
- позитивен допринос за општеството преку отворен дијалог
- креирање на пријателства

ESN
INTERNATIONAL EXCHANGE
ERASMUS STUDENT NETWORK

Release: 05.01.2009

  

# Поддршка

Нашите спонзори активно учествуваат во креирањето и подржувањето на уникатен проект. Тие го препознаваат значењето на возот како комуникациска платформа која патува низ 18 земји за три недели. За време на патувањето, интернационален тим од 500 млади луѓе и повеќе од 100 организатори постојано ќе работат на организација на сите активности. Повеќе од 12000 членови на ESN ќе ја прошират информацијата до 150 000 студенти на размена низ Европа.

Медиумите уште повеќе ќе го нагласат значењето на Возот. Националните мрежи ќе емитуваат кратко видео од патувањето. Исто така ќе има и ESNtrain специјална брошура во која ќе бидат сите градови низ кои ќе помине возот. Откако ќе заврши патувањето, ќе биде креирана нова брошура преку која ќе се сподели искуството од патувањето.

# Патрони:



*Проф. Др Патрик Ајбишер*, Претседател на EPFL (Лозан)



*Др. Ерхард Бусек*, поранешен Австриски канцелар, претседател на Европскиот форум Албах, претседател на Институтот за Дунавскиот регион и Централна Европа (Виена)



*Проф. Др Ралф Ешлер*, Претседател на ETHZ (Цирих)



*Матиаз Фенер*, Претседател на ESN (Брисел)



*Жан Фигел*, Член на Европската комисија, одговорен за образование, тренинг, култура и млади



*Проф. Др Андреас Фишер*, Претседател на UNIZ (Цирих)



*Адолф оги*, поранешен Шведски Федерален Министер и Специјален советник за спорт на Генералниот секретар за развој и мир на ОН до 2007



*Проф. Др Конрад Остервалдер*, Ректор на Универзитетот Обединети Нации (Токио)

# ESN партнери

Association des Etats Généraux des Etudiants de l'Europe

Erasmus Mundus Students and Alumni Association

European Pharmaceutical Students' Association

European Students' Union

European Youth Forum

Informal Forum of International Students Organisations

Scout Movement

World Association of Girl Guides and Girl Scouts

INTERNATIONAL EXCHANGE
ERASMUS STUDENT NETWORK

Release: 05.01.2009

# ESNtrain – Импресии















esn
INTERNATIONAL EXCHANGE
ERASMUS STUDENT NETWORK

Release: 05.01.2009

# ESNtrain – Импресии


































INTERNATIONAL EXCHANGE
ERASMUS STUDENT NETWORK

Release: 05.01.2009



# ESNtrain - Маршрута

(2009-01-05)

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Саб | 28.03 | Братислава | SK | 08:00 | Запознавање на патниците<br>Програма за првите патници од петок па натаму |
| Саб | 28.03 | Виена | AT | 10:00 - 10:30 | Приклучување на нови патници |
| Саб | 28.03 | Брук/Мур | AT | 12:30 | Приклучување на нови патници |
| Саб | 28.03 | Вилах | AT | 16:00 - 19:00 | Дневна програма |
| Саб | 28.03 | Малниц | AT | 20:30 - 00:00 | Прошетка |
| | -> Највисоката железничка станица во Европа | | | | |
| Нед | 29.03 | Schwarzach | AT | 01:30 | Приклучување на нови патници |
| Нед | 29.03 | Инсбрук | AT | 06:00 | Приклучување на нови патници; комплетирање на возот во полн состав |
| Нед | 29.03 | Шаан - Вадуз | LI | 10:00 - 13:00 | Појадок и дневна програма |
| Нед | 29.03 | Цирих | CH | 15:30 | Панорамско разгледување |
| Нед | 29.03 | Винтерхур | CH | 16:00 - 22:00 | Панорамско разгледување и ноќна програма |
| Нед | 29.03 | | CH | 22:00 - 01:30 | Кружно патување: Цирих – Раперсвил – Винтерхур - Цирих |
| Пон | 30.03 | Цирих | CH | 02:00 | Прва ноќ на возот од Цирих за Лаузан |
| Пон | 30.03 | Лаузан | CH | 07:00 - 12:00 | Појадок и дневна п рограма |
| | -> Многу убава железничка линија | | | | |
| Пон | 30.03 | Кандерстег | CH | 15:00 - 23:00 | Дневна и вечерна програма<br>Пешачење<br>Спортски активности |
| Вто | 31.03 | Женева | IT | 08:00 - 14:00 | Појадок и дневна програма |
| Вто | 31.03 | Пиза | IT | 16:00 - 00:00 | Дневна програма |
| Сре | 01.04 | Рим | IT | 08:00 - 14:00 | Појадок и дневна програма<br>-> Римскиот договор (Рим – Стразбург -Мастрихт) |
| Сре | 01.04 | Сиена | IT | 17:00 - 01:00 | Дневна програма |
| Чет | 02.04 | Љубљана | SI | 09:00 - 16:00 | Појадок и дневна програма |
| Чет | 02.04 | Загреб | HR | 18:00 - 00:00 | Дневна и вечерна програма |
| Пет | 03.04 | Будимпешта | HU | 08:00 - 02:00 | Појадок, дневна и вечерна програма |
| Саб | 04.04 | Бед Фишау | AT | 07:00 - 11:00 | Појадок и дневна програма<br>Капење во Кристал Терма на Бад |
| Саб | 04.04 | Виена | AT | 13:00 - 02:00 | ESNtrain панорамско разгледување со парна локомотива |
| Нед | 05.04 | Прага | CZ | 09:00 - 00:00 | Појадок, дневна и вечерна програма<br>-> Чешка е претседавач на ЕУ |
| Пон | 06.04 | Дрезден | DE | 07:00 - 12:00 | Појадок и дневна програма |
| Пон | 06.04 | Вроклав | PL | 16:00 - 02:00 | Дневна и вечерна програма |
| Вто | 07.04 | Краков | PL | 08:00 - 02:00 | Појадок, дневна и вечерна програма<br>Посета на рудникот за сол Виеличка<br>Посета на концентрациониот камп Биркен |

INTERNATIONAL EXCHANGE
ERASMUS STUDENT NETWORK



# ESNtrain - Маршрута

(2009-01-05)

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Сре | 08.04 | Варшава | PL | 08:00 - 00:00 | Појадок, дневна и вечерна програма |
| Чет | 09.04 | Малборк | PL | 07:00 - 11:00 | Појадок и дневна програма |
| Чет | 09.04 | Гданск | PL | 12:00 - 00:00 | Дневна и вечерна програма<br>Посета на воден парк |
| Пет | 10.04 | Берлин | DE | 09:00 - 00:00 | Појадок, дневна и вечерна програма |
| | -> Падот на Берлинскиот ѕид во 1989 година | | | | |
| Саб | 11.04 | Сазнитц | DE | | Смена од воз на ферибот |
| Саб | 11.04 | Трелеборг | SE | | Смена од воз на ферибот |
| Саб | 11.04 | Линчепинг | SE | 12:00 - 00:00 | Појадок, дневна и вечерна програма |
| Нед | 12.04 | Стокхолм | SE | 07:00 - 14:00 | Појадок и дневна програма |
| Нед | 12.04 | Упсала | SE | 15:00 - 00:00 | Дневна и вечерна програма |
| Пон | 13.04 | Трондхем | NO | 10:00 - 00:00 | Појадок, дневна и вечерна програма |
| | -> Најсеверна точка на ESNtrain патувањето | | | | |
| Вто | 14.04 | Осло | NO | 08:00 - 00:00 | Појадок, дневна и вечерна програма |
| Сре | 15.04 | Копенхаген | DK | 08:00 - 00:00 | Појадок, дневна и вечерна програма |
| Чет | 16.04 | Хамбург | DE | 08:00 - 14:00 | Појадок и дневна програма |
| Чет | 16.04 | Бремен | DE | 15:00 - 00:00 | Дневна и вечерна програма |
| Пет | 17.04 | Утрехт | NL | 07:00 - 14:00 | Појадок и дневна програма<br>-> Годишно генерално собрание 2009 (26-ти март – 30-ти март 2009 година; ГС на ESN) |
| Пет | 17.04 | Амстердам | NL | 15:00 - 01:00 | Дневна и вечерна програма |
| Саб | 18.04 | Брисел | BE | 07:00 - 00:00 | Појадок, дневна и вечерна програма<br>-> ЕУ избори во 2009<br>-> Интернационална канцеларија на ESN |
| Нед | 19.04 | Стразбург | FR | 07:00 - 13:00 | Појадок и дневна програма<br>-> Римскиот договор (Рим – Стразбур -Маштрихт) |
| Нед | 19.04 | Хајделберг | DE | 15:00 - 01:00 | Дневна и вечерна програма<br>-> Најстариот универзитет во сегашна Германија (1386 год) |
| Пон | 20.04 | Берн | CH | 07:00 - 13:00 | Појадок и дневна програма<br>Проштална забава |
| Пон | 20.04 | Цирих | CH | 15.00 - 00:00 | Дневна и вечерна програма<br>Sechseläuten / Six o' Clock Bells (Традиционален Шведски настан) |
| Вто | 21.04 | Минхен | DE | 06.00 - 11:00 | Појадок и дневна програма |
| Вто | 21.04 | Линц | AT | 14:00 - 21:00 | Последен ден: дневна и вечерна програма<br>->Европски град на културата 2009 година (заедно со Вилнус) |
| Вто | 21.04 | Виена | AT | 23:30 | Заминување на патниците |
| Сре | 22.04 | Братислава | SK | 01:00 | Затворање на патувањето |

route

INTERNATIONAL EXCHANGE
ERASMUS STUDENT NETWORK






# Контакт

ESNtrain
President
Bernhard Jäggle
Platform GmbH
Neuhofstrasse 30
CH-8708 Männedorf

bernhard.jaeggle@esntrain.org



ESNtrain
Information Management
Remo Weber
c/o Aprikosenweg 10
CH-8404 Winterthur

remo.weber@esntrain.org



ESNtrain
Country Coordinator
Kaspar Schüpbach
c/o Oststrasse 29
CH-8400 Winterthur

kaspar.schuepbach@esntrain.org



ESNtrain
Communications
Nora Kleisli
c/o Winterthurerstr. 320
CH-8057 Zürich

nora.kleisli@esntrain.org



ESNtrain
IT-Manager
Martin Kos
c/o Im Rüteli 21
CH-5405 Dättwil

martin.kos@esntrain.org






**www.esntrain.org**

ESN
INTERNATIONAL EXCHANGE
ERASMUS STUDENT NETWORK



Release: 05.01.2009